утрински Весник

Број 2957 среда, 08 април 2009



nextsense WebBuilder

Почни со „Утрински"

XML

sitemeter

Култура

SHARE

# Скулптури никнуваат како печурки



Никој не ги зема предвид ниту реакциите во јавноста, ниту стручното мислење за тоа каде треба да бидат поставени скулптурите

**Тина Иванова**

„Ееej" е насловена најновата скулптура, на авторот Димитар Филиповски, која како печурка вчера никна на улицата „Македонија". Најпрвин завиткана во црн најлон, како мумија, ги плашеше случајните минувачи, а и сега откриена се уште ги плаши, како што велат, но и им пречи тие слободно да минуваат. Како печурки или како слепи црева се појавија и претходните скулптури кои се дел од проектот наречен „35 скулптури во централното градско подрачје на Скопје" што го спроведе Министерството за култура. Најверојатно така ќе биде и со идните. Зашто, никој од одговорните не ги зема в предвид ниту реакциите во јавноста за тоа каде треба скулптурите да бидат поставени, ниту постојано искажуваното стручно мислење. Едноставно, јавното мислење никој не го есапи.

Градот може да биде уметничка галерија. Уметниците можат да го 'окупираат' градот, уметноста може да излезе на улица. Но, таа, уметноста, треба да се покаже на оние локации од градот каде што навистина постои естетска

Најди! во Утрински

Култура

» „Операција Валкири" не функционира по холивудски модел

» Неолитска куќа поставена во Музејот на Македонија

» Слики на Кузманоски во збратимениот град на Скопје - Нирнберг

» Холандска трупа на „Танц фест"

» Меѓународна книжевна награда за Бранко Цветкоски

Прашај го „Утрински"
Одговара: уредничката на Скопска
Билјана Ангеловска

Најчитани 10 во 10 дена

ГЛОБУС ON-LINE

Banking Секогаш и секаде, сигурно пред сè!

МАТИЦА НА ИСЕЛЕНИЦИТЕ ОД МАКЕДОНИЈА

потреба за нив. А, не да никнува или да се создава на најнеочекуваните места, сметаат историчарите на уметност. Но, за тоа, треба да се прашаат оние кои живеат во градот - граѓаните.

Историчарот на уметност, проф. Небојша Вилиќ, во интервју објавено во еден од минатите броеви на неделникот „Глобус", ќе каже дека уличната јавна уметност треба да го одразува урбаниот сензибилитет на градот. Вели, клучна улога во поставувањето на уметноста во јавниот простор, пред се треба да ја имаат урбанистите, а не како што е кај нас - политичарите. „Токму поради фактот што оваа уметност, особено уличната, смета на факторот на изненадувачки топоними: движејќи се по урбаните комуникации, наидувате на таков еден проблесок на неочекуваната уметничка сензација", продолжува Вилиќ. „Погледнете како се поставени сегашниве пет скулптури - тргнати настрана, како да се нужно зло, па морале да ги постават..., а со сите 50 улицата 'Македонија' ја замислувам како 'скопска Кроазета, како мртва природа'..." Вилиќ истакнува дека на пешачка должина не подолга од 1,5 километар да се постават 30-40 скулптури е рамно не само на невкус, туку на лудост.

Историчарот на уметност, Љубен Пауновски, вели дека во однос на локациите на кои се поставуваат скулптурите, имаме хроничен проблем. „Затоа што не само што често се прават промени во урбанистичките планови, туку и голем дел од новите градоначалници, токму овие денови, дадоа ветување дека повторно ќе бидат менувани тие урбанистички планови. За вакви проекти, кои по природа се многу сложени, немам елементарни информации дали на високо професионален начин бил осмислен овој проект", смета Пауновски.

Но, како што истакнува проф. д-р Сузана Милевска, историчар на уметност и куратор, сега повеќе не станува збор за тоа колку се и дали се добри скулптурите и локациите каде тие се поставуваат. Сега, станува збор за начинот на владеење на одговорноста на Владата кон нејзините граѓани. „За скулптурите, споменицитe, за разните објекти, за демонстрациите на плоштад, досега се пишувало многу пати, но никој тоа не го зема во обзир. Никој од Владата не дава контрааргумент, односно некаков одговор на јавното мислење", смета Милевска. „Излегува дека тој што го одобрил поставувањето на скулптурите, и на останати објекти, никогаш не одговара на сите овие повици за преиспитување на одлуките. Граѓаните не ги зема никој во предвид, односно никој не го зема во предвид нивното мислење. А, тоа се јавни простори со кои изгледа располага власта, а не граѓаните". Милевска вели дека ваквата појава е сериозен проблем, зашто утре може да никне кој знае што, а стручната јавност нема да има можност да го преиспита тоа. Милевска смета дека треба да се слушнат граѓаните, да се слушне мислењето на стручните лица, пред да се реализира нешто. Зашто, вели таа, многу е полесно да се постават сите тие објекти, одколку потоа да се тргнат. „Затоа треба да се водат јавни дискусии пред да се поставуваат објектите. А, сега е веќе доцна", вели Милевска.

И Љубен Пауновски смета дека ова не е време на монархии. „Уметноста е елитна работа и таа со масите комуницира или како своевиден луна-парк и туризам, или како идеологија. Иако вистинското уметничко дело е реткост, и најчесто е надвор од се што е јавно, сепак, јавната уметност е невозможна без меценарство (приватно или државно). Но, ова не е време на монархии. А, јавната уметност, обично во последниов демократски период на западната култура, запазува во најголем обем критериуми

на висока стручност, на конкретно искуство за овие прашања при осмислувањето на вакви проекти", истакнува Пауновски. „Но", вели тој, „за ваков вид на стручност, во конкретниов случај, лично не сум добил информации дали била применета".

Статијата е прочитана 542 пати.

**Испрати коментар**

Од: mimi

Датум: 08.04.2009 10:05:00

koga se postavi spomenikot na konjanik na levata strana na Vardar kaj starata robna kuka Ilinden se baraaa dozvoli,komentari koj e covekot na konj makedonec ili albanec.Reagirase i UZKN. Paunovski zarem ne ste vo zatvor ili tamu ve intervjuiraa? Sega koga odam na pazar Bunjakovec vidov mermerna skulptura,moderna doduse ,pred segasnoto ministerstvo za kultura .vcera skulpturta bese pokriena so crn najlon ,verojatno se raboti i na druga skulptura oti vlezot e simetricen pa dvete ke gi otvori nekoj vladatel. Postavete ni pred sekoe pazarce po edna ogromna tikva,ve molam,zosto ?sekoj neka si tolkuva za sebe.

Од: Болен М. Дојчин

Датум: 08.04.2009 10:13:14

Не е проблем кај скулптуриве местото на поставувањето, проблемот е уште поголем - поголемиот број од нив е тежок кич! Владата се фалеше со одвојување на некои 6, или повеќе милијарди за уметноста во градов, ама 90 % од скулпуриве немаат ни у од уметност. Очигледна е финансиската подршка на партиски кичуметничиња, или, на сопствените џебови. Одамна во Македонија за уметност се прогласува сѐ и сешто. Така станаа пејачи и „гаврачнчиња", ликовни уметници - оние што ќе нашлапаат цвеќиња од разгледница или што ќе направат ќупчиња - сувенири... Битно е само да се „мамини и татини".

Од: intelekt

Датум: 08.04.2009 15:04:41

odvratni se site!nemam zborovi kolku go nagrduvaat glavnio grad koj i bezdrugo e grd!!!

httpool
EXPLORINGMACEDONIA.COM
НАЦИОНАЛЕН ПОРТАЛ ЗА ТУРИЗАМ
АЛКАЛОИД СКОПЈЕ
TeleKabel

ул.Димитрие Чупоски бр.11/5. 1000 Скопје тел 3236 900; факс 3236901 e-mail: contact@utrinski.com.mk